# ВО Р. МАКЕДОНИЈА СЕУШТЕ НЕ ПОСТОИ ОРГАНИЗИРАН СКРИНИНГ НА КАРЦИНОМ НА ГРЛО НА МАТКА

**Препораки за унапредување на скринингот на карцином на грло на матка**

1. Министерството за здравство да го зголеми и унифицира квалитетот на статистички податоци кои се однесуваат на имплементацијата на скринингот на карцином на грло на матка и да воведе централизиран електронски систем за водење на евиденција;

2. Министерството за здравство да ја прошири базата за водење на евиденцијата за на имплементацијата на скринингот на карцином на грло на матка и тоа: по населено место, по возраст, по етничка припадност и економски статус на жените опфатени со скринингот. Сево ова со цел подобар мониторинг и планирање на мерките во Програмата;

3. Министерството за здравство попрецизно да ги дефинира улогите, одговорностите и релациите помеѓу извршителите на Програмата;

4. Министерството за здравство да ги усогласи програмскиот и финансискиот дел на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка;

5. Министерството за здравство да започне со подготовка на извештаи за програмската и финансиската имплементација на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка;

6. Министерството за здравство да спроведе кампања за промовирање на мерките кои ги нуди Програмата за скрининг на карцином на грло на матка, износот на средства кои се одвоени за оваа намена, постапката за скринингот и целите на скринингот;

7. Министерството за здравство да го зголеми бројот на жени кои ќе бидат опфатени со скринингот на карцином на грло на матка од 1/4 од поканетите жени на 60% од поканетите жени;

8. Министерството за здравство да ги подобри пресметките во буџетот на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка;

9. Министерството за здравство и Владата на РМ да го намалат бројот на измени и дополнувања на Програмата за рана детекција на малигни заболувања и при секоја измена да обезбедат континуитет на активностите и скринингот;

10. Министерството за здравство и Владата на РМ при измените и дополнувањата на буџетот на РМ усвоени од Собранието на РМ да подготват, усвојат и објават измени и дополнувања на Програмата за рана детекција на малигни заболувања;

11. Министерството за финансии да ја зголеми контролата врз извршувањето на буџетот за превентивна здравствена заштита од буџетот на Министерството за

здравство, на тој начин што нема да дозволи натрупување на обврски за извршени договорни услуги кон Министерството за здравство.

12. Министерството за здравство да ги намали долговите кон извршителите на активностите за скрининг на карцином на грло на матка, односно истите тековно да ги подмирува; и

13. Министерството за здравство да го подобри планирањето и имплементацијата на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка.

**ВОВЕД**

Во Р. Македонија, активностите за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената (**активности за организиран скрининг на рак на грло на матка**), во 2012 година претставуваат составна компонента на **Националната Програма за рана детекција на малигни заболувања**, а нивното спроведување е одобрено од Владата на РМ и финансирано преку буџетот на Министерството за здравството.

До 2011 година, скринингот на карцином на грло на матка претставуваше пилот скрининг, кој се спроведуваше во неколку пилот општини од Р. Македонија. Неговото спроведување претставуваше вовед во започнување со организиран скрининг на карцином на грло на матка во 2012 година, низ целата територија на Р. Македонија. Организираниот скрининг треба да овозможи бесплатен пристап на жените на возраст од 24 до 60 години до мерките за рано откривање и лекување на рак на грло на матка. [1]

Со цел да добиеме увид во имплементацијата на мерките и активностите за организиран скрининг на карцином на грло на матка во текот на 2012 година, спроведовме анализа на спроведувањето на планираните програмски мерки и финансиски средства предвидени за реализација од 01.01.2012 до 31.12.2012 година. Анализата се спроведе преку прибирање на јавно достапни податоци и поднесување барања за пристап до информации од јавен карактер во однос на имплементацијата на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка во 2012 година. Барањата беа поднесени до Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје на РМ, 10те Центри за јавно здравје и Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, додека податоците од матичните гинеколози и цитолошките лаборатории беа обезбедени преку претходно наведените извршители.

Преку анализата направивме обработка на прибраните податоци со цел да ги прикажеме планираните програмски мерки и средствата предвидени за нивна реализација наспрема спроведените програмски мерки и потрошените финансиски средства за нивна реализација. Воедно, со цел да ја утврдиме ефикасноста во спроведувањето на планираните програмски мерки и трошењето на планираните буџетски средства, со анализата ги оценувавме следните параметри: правичност во дистрибуцијата на средствата од Програмата по реони, степен на опфатеност на жени со мерки за рано откривање на ракот на грло на матка, степен на достапност на мерките од Програмата за жени од маргинализирани средини[2] и континуитетот на мерките и заложбите на Министерството за здравство и Владата на РМ за унапредување на здравјето на жените.

**Во процесот на обработка на податоците, се соочивме со низа недоследности и нејаснотии во планирањето на мерките во Програмата, недостаток на јавно достапни податоци кои се однесуваат на програмската и финансиската имплементацијата на Програмата и неможност за анализа на податоците содржани**

[1] Мерките од Програмата за организиран скрининг на карцином на грло на матка во текот на 2012 година се наменети за жени на возраст од 24 – 35 години од целата територија на РМ.

[2] Жени Ромки, жени од рурални средини, жени кои живеат во неповолни социо – економски услови итн.

**во официјалните документи на Министерството за здравство и другите извршители на Програмата добиени преку барањата за пристап до информации од јавен карактер. Односно, во 2012 година**:

- Програмата за скрининг на карцином на грло на матка содржи низа мерки и активности предвидени со програмскиот дел, за чија реализација во буџетот на Програмата, Министерството за здравство и Владата на РМ нема предвидено финансиски средства;

- буџетот на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка е предмет за чести измени и дополнувања, така што со секоја измена и дополнување на Програмата се губи јасноста и континуитетот на активностите;

- средствата, кои Министерството за здравство ги предвидело за спроведување на организиран скрининг на карцином на грло на матка во 2012 година, преставуваат половина од средствата наменети за извршување на истите активности во 2011 година кога Програмата се спроведуваше само во четири пилот општини;[3]

- недостасува унифициран начин на водење на евиденција за имплементацијата на скринингот.;

- одговорностите на дел од извршителите на Програмата не се јасно дефинирани со Програмата;

- релациите за меѓусебна комуникација помеѓу извршителите на Програмата не се јасно поставени и недостасува соодветна координација помеѓу извршителите на Програмата;

- Министерството за здравство не подготвува извештаи за програмската и финансиската имплементацијата на скринингот на карцином на грло на матка;

- скринингот започнал да се спроведува четири месеци по усвојувањето на Програмата, во месец април;

- 32% од планираните средства во буџетот на Програмата, наместо за тековно спроведување на скринингот, се користеле за исплата на долгови за извршени активности во 2011 година.

**Заради недостатоците во планирањето и реализацијата на скринингот и недостатокот на квалитетни податоци за негова имплементација, преку анализата даваме осврт на клучните идентификувани недостатоци.**

[3] Во 2011 година мерките од Програмата за скрининг на карцином на грло на матка претставуваа пилот мерки и беа наменети само за жените на возраст од 30 до 55 години кои живеат во Прилеп, Гостивар, Св. Николе и Штип. Во 2011 година Министерството за здравство во буџетот на Програмата предвиде 19.500.000,00 денари за оваа намена. Во 2012 година кога мерките се универзални и достапни за сите жени на возраст од 24 – 35 години во сите 84 општини од РМ, Министерството за здравство предвидува само 10.000.000,00 денари за нивна реализација.

**Анализата се состои од три посебни делови, и тоа:**

1. Преглед на клучни недостатоци во планирањето на Програмата за организиран скрининг на карцином на грло на матка во 2012 година (неусогласености помеѓу програмскиот и финансискиот дел);

2. Преглед на измените и дополнувањата на обемот на активности и буџетот на Програмата за организиран скрининг на карцином на грло на матка во текот на 2012 година; и

3. Преглед на податоците презентирани во официјалните програмски и финансиски документи подготвени во текот на имплементацијата на Програмата во 2012 година.

**1. Преглед на клучни недостатоци во планирањето на Програмата за организиран скрининг на карцином на грло на матка во 2012 година** (неусогласености помеѓу програмскиот и финансискиот дел)

- **Програмата содржи мерки кои се предвид**ени **во програмскиот дел на програмата, а за чија реализација не се издвоени средства со буџетот на истата и обратно**, постојат мерки за чија реализација се издвоени средства во буџетот на Програмата, а кои не се опфатени и елаборирани во програмскиот дел. (Види табела број 1). Оттука може да се заклучи дека мерките кои се предвидени во Програмата, а за кои не се издвоени средства во буџетот, не се извршени во 2012 година.

*Министерството за здравство и Владата на РМ со Програмата предвидуваат формирање на Координативното тело за превенција од рак на грло на матка, но во буџетот на Програмата за 2012 година не предвидуваат средства за неговото функционирање (вакво тело беше планирано да се формира уште во 2011 година).* Оттука, може да се претпостави дека, во текот на 2012 година, Координативното тело не функционирало и не ги извршувало функциите предвидени во Програмата.

Според Програмата, *Министерството за здравство назначува лице од секторот за превентивна здравствена заштита кое ќе биде одговорно за имплементација на Програмата, но во истата не се дефинирани неговите задолженијата и не се издвојуваат средства за неговото работење.* Ова значи дека одговорното лице нема однапред утврдени задачи кои ќе треба да ги извршува и не добива средства за вршење на оваа функција.

*Министерството за здравство и Владата на РМ, во 2012 година со Програмата, предвидуваат обука за цитоскринери на 30 медицински техничари кои се вработени во јавните здравствени установи, додека пак во буџетот на Програмата не издвојуваат средства за нејзина реализација.* Оттука може да се заклучи дека во 2012 година не е спроведена планираната обука.

Во Програмата , *Министерството за здравство и Владата на РМ предвидуваат спроведување на медиумска кампања за запознавање на жените од РМ со можноста за добивање на бесплатни превентивни гинеколошки прегледи со ПАП тестови преку Програмата за скрининг на карцином на грло на матка. Додека пак, во буџетот на Програмата, наместо за оваа намена, се предвидуваат средства за спроведување на кампања за подигнување на свеста кај жените за превентивни прегледи со ПАП тестови и избор на матичен гинеколог.* При првата измена на Програмата оваа активност е избришана, што значи дека кампања за промоција на скринингот во текот на 2012 година не е реализирана, а жените и понатаму не се запознаени со мерките и услугите кои што им стојат на располагање.

*Во буџетот на Програмата, Министерството за здравство и Владата на РМ предвидуваат набавка на софтвер за евиденција на податоци за имплементацијата на скринингот на карциномот на грло на матка, додека пак во наративниот дел на Програмата ваква активност не е предвидена и образложена. Сепак, во Програмата е наведено дека институциите се соочуваат со недостаток на квалитетни податоци и*

*проблеми со евиденција (При првата наредна измена оваа активност е избришана од Програмата).* Во РМ и понатаму недостасуваат софтвер за централизирано прибирање на податоци, водење на евиденција за имплементација на скринингот на карцином на грло на матка и квалитетна здравствена статистика и податоци.

**Табела број 1. Клучни разлики во програмскиот и финансискиот дел на Програмата за скрининг на рак на грло на матка во 2012 година**

| Реден број | Активности предвидени само во програмскиот дел | Активности предвидени само во финансискиот дел |
|---|---|---|
| 1. | Формирање и работа на Координативно тело за превенција од рак на грло на матка | НЕМА БУЏЕТ |
| 2. | Одговорно лице за имплементација на Програмата од секторот за превентивна здравствена заштита | НЕМА БУЏЕТ |
| 3. | Едукација на цитоскринери | НЕМА БУЏЕТ |
| 4. | Медиумска кампања за промоција на скринингот | Медиумска кампања за подигнување на свеста за потребата од превентивни прегледи и избор на матичен гинеколог |
| 5. | НЕ Е ПРЕДВИДЕНА ВАКВА АКТИВНОСТ | Исплата на неизмирени обврски за извршени договорни услуги од 2011 година |
| 6. | НЕ Е ПРЕДВИДЕНА ВАКВА АКТИВНОСТ | Набавка на софтвер за собирање, обработка на податоци со анализа и извештај |

## 2. Преглед на измените и дополнувањата на обемот на активности и буџетот на Програмата за организиран скрининг на карцином на грло на матка во текот на 2012 година

**Програмата за скрининг на карцином на грло на матка**, како компонента на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, **е предмет на чести измени и дополнувања** кои ги прават Владата на РМ и Собранието на РМ, а се резултат на неколку причини, **и тоа: несоодветно планирање од страна на Министерството за здравство, недостаток на капацитети за реализирање на планираните активности, ниска наплата на приходи во Централниот буџет или ненавремено и недоволно префрлување на средства од страна на Министерството за финансии за сметка на извршување на активностите превентивна здравствена заштита на Министерството за здравство.** Со секоја измена и дополнување на Програмата, се менува само финансиската конструкција (буџетот) на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка, без измени и дополнувања во наративниот дел на Програмата. Во текот на 2012 година направени се вкупно три измени на Програмата и тоа две измени одобрени од Владата на РМ и една измена одобрена од Собранието на РМ. **Со секоја направена измена и дополнување се повеќе се губи јасноста и континуитетот на мерките и активностите од Програмата.**

Влијанието на измените и дополнувањата врз Програмата за скрининг на карцином на грло на матка, го анализираме од неколку аспекти и тоа:

*2.1. Влијание на измените и дополнувањата врз мерките кои треба да ги спроведуваат матичните гинеколози, согласно Програмата;*

*2.2. Влијание на измените и дополнувањата врз мерките кои треба да ги спроведуваат цитолошките лаборатории, согласно Програмата;*

*2.3. Влијание на измените и дополнувањата на Програмата врз намалување на обемот на активности и кратење на средства од буџетот;*

*2.4. Пренамена на средства од буџетот на Програмата за други активности предвидени во Програмата и надвор од неа; и*

*2.5. Преглед на измените и дополнувањата на буџетот на Програмата за рана детекција на малигни заболувања.*

### *2.1. Влијание на измените и дополнувањата врз мерките кои треба да ги спроведуваат матичните гинеколози, согласно Програмата*

**- Со секој измена на Програмата се предвидува да се опфати драстично помал број на жени на возраст од 24 – 35 години со мерките за скрининг на рак на грло на матка.** Со последната измена и дополнување на Програмата, направена единаесет дена пред завршувањето на годината, се предвидува дека во 2012 година матичните гинеколози на превентивен гинеколошки преглед со ПАП тест ќе поканат 26.000 жени, што е за 74.000 помалку од првично планираниот број. Оттука, може да се заклучи дека матичните гинеколози во текот на 2012 година не успеале да поканат 100.000 жени на возраст од 24 до 35 години на превентивен гинеколошки преглед со ПАП тест или пак Министерството за здравство немало доволно средства во буџетот за исплата на предвидениот надоместок за матичните гинеколози во предвидениот обем, а пак матичните гинеколози ја извршиле активноста во првично планираниот обем но не ги добиле ветените средства. (види табела бр.3).

**- Министерството за здравство предвидува низок одзив на жените на возраст од 24 – 35 години на поканите за превентивните гинеколошки прегледи со ПАП тест предвидени со Програмата за скрининг на карцином на грло на матка.** Односно, министерството предвидува дека само 1/4 од поканетите жени ќе одговорат на поканите и само за нив обезбедува средства за бесплатен превентивен гинеколошки преглед со ПАП тест. Со усвојувањето на Програмата, во јануари 2012 година, министерството предвидува дека од 100.000 поканети жени на преглед ќе дојдат 25.000, додека пак на само 11 дена пред крајот на 2012 година, предвидува дека ќе бидат поканети 26.000 жени, а на преглед ќе дојдат 20.200 или речиси сите поканети. (види табела бр.3). Оттука може да се заклучи дека 3/4 од првично планираниот број на жени не се опфатени со скринингот, а министерството се соочува со проблеми во реализација на истиот.

**- Министерството за здравство прави несоодветни буџетски пресметки и издвојува помалку средства од потребните за реализација на активностите за скрининг на карцином на грло на матка во предвидениот обем, додека, Владата на РМ и Собранието на РМ ваквите предлози ги усвојуваат.** Министерството за здравство во Програмата, усвоена во јануари 2012 година, предвидува дека во текот на 2012 година матичните гинеколози ќе достават покани за превентивни гинеколошки прегледи со ПАП тестови до 100.000 матични пациентки и за оваа активност, од буџетот на Програмата, Министерството за здравство ќе им исплати надоместок во износ од 50,00 денари по доставена покана. Од друга страна пак, за оваа намена со буџетот на Програмата, министерството обезбедуваат само 500.000,00 денари, наместо потребните 5.000.000,00 денари. Истиот пристап министерството го користи и при измените и дополнувањата на Програмата направени во април 2012 година. Ова значи дека матичните гинеколози добиле средства само за 10% од доставените покани или пак 90% од планираниот број на жени воопшто не биле поканети. (види табела бр.3).

**- Со секоја измена на Програмата, направена во текот на 2012 година, средствата во буџетот на истата, наменети за матичните гинеколози, се намалуваат во просек за 1.580.000,00 денари или за 26%.** (види табела бр.3).

**Табела број 3. Измени и дополнувања на обемот на активности и средства наменети за матични гинеколози во 2012 година**

| Ред. број | Опис на програмска активност | Усвоена програма од Владата на РМ (I) | Прва измена на програмата од Владата на РМ (II) | Втора измена на програмата од Владата на РМ (III) |
|---|---|---|---|---|
| | | *(20 јануари 2012 год.)* | *(2 април 2012 год.)* | *(20 декември 2012 год.)* |
| 1. | Број на поканети жени | 100.000 жени | 100.000 жени | 26.000 жени |
| 2. | Надоместок по доставена покана | 50,00 денари | 30,00 денари | 30,00 денари |
| | **Вкупно (1+2):** | **500.000,00** | **300.000,00** | **780.000,00** |
| 3. | Број на прегледи со ПАП тестови и доставување на материјали до цитолошки лаборатории | 25.000 жени | 25.000 жени | 20.200 жени |
| 4. | Надоместок за правење на ПАП тест и достава на брисеви | 280,00 денари | 200,00 денари | 200,00 денари |
| | **Вкупно (3+4):** | **7.000.000,00** | **5.000.000,00** | **4.040.000,00** |
| | **ВКУПНО (1+2+3+4):** | **7.500.000,00** | **5.300.000,00** | **4.820.000,00** |

### *2.2. Влијание на измените и дополнувањата врз мерките кои треба да ги спроведуваат цитолошките лаборатории, согласно Програмата*

- **Министерството за здравство при секоја измена предвидува различен број на цитолошки анализи наспрема број на ПАП тестови.** При усвојувањето на Програмата министерството планира дека сите 25.000 жени кои ќе одговорат на поканите и ќе добијат гинеколошки преглед со ПАП тест преку Програмата, ќе добијат и бесплатна цитолошка анализа на цервикалниот брис. Со втората измена, министерството планира дека 5.000 жени на кои ќе им биде направен ПАП тест нема да добија цитолошка анализа на цервикалниот брис, а пак на само една недела пред завршувањето на годината предвидува нов поголем број на цитолошки анализи. Односно, при последната измена министерството предвидува дека матичните гинеколози ќе направат ПАП тест на 20.200 жени, но министерството на цитолошките лаборатории ќе им исплати надомест за партиципација за цитолошка анализа како да биле направени 28.000 ПАП тестови. Ова значи дека министерството ќе исплати 468.000,00 денари од својот буџетот за неизвршени активности. (види табела бр.4).

- **Средствата за надоместување на партиципацијата за цитолошка анализа на цервикалениот брис на жените на кои им е направен ПАП тест преку Програмата во текот на 2012 година неколку пати се изменети.** Со усвојувањето на Програмата, од буџетот на истата се издвојуваат 1.500.000,00 денари за надоместување на партиципација за извршување на цитолошки анализи. Во текот на 2012 година буџетот за оваа активност е

намален за 20% (при првата измена), односно зголемен за 29% (при втората измена). (види табела бр.4).

**Табела број 4. Измени и дополнувања на обемот на активности и средства наменети за цитолошки лаборатории во 2012 година**

| Ред. број | Опис на програмска активност | Усвоена програма од Владата на РМ (I) | Прва измена на програмата од Владата на РМ (II) | Втора измена на програмата од Владата на РМ (III) |
|---|---|---|---|---|
| | | *(20 јануари 2012 год.)* | *(2 април 2012 год.)* | *(20 декември 2012 год.)* |
| 1. | Број жени чии ПАП тестови кои ќе бидат цитолошки анализирани | 25.000 жени | 20.000 жени | 28.000 жени |
| 2. | Надоместок по цитолошка анализа | 60,00 денари | 60,00 денари | 60,00 денари |
| | **ВКУПНО (1+2):** | **1.500.000,00** | **1.200.000,00** | **1.680.000,00** |

### *2.3. Влијание на измените и дополнувањата на Програмата врз намалување на обемот на активности и кратење на средства од буџетот*

**- Низа значајни активности, во текот на 2012 година, преку извршените измени и дополнувања се избришани од Програмата**, што значи дека овие активности не се реализирани во текот на оваа година.

**При првата измена и дополнување на Програмата избришани се три значајни активности и тоа**:

- собирање на резултати од цитолошки лаборатории, анализа и достава на податоци до Институтот за јавно здравје (ИЈЗ);
- координација, внес на податоци во регистарот за рак на грло на матка, анализа на податоци и известување на скринингот; и
- кампања за подигнување на свеста на населението за потребата од превентивни прегледи со ПАП тест и избор на матичен гинеколог.

**Со оваа измена биле скратени вкупно 1.000.000,00 денари**, односно 400.000,00 денари наменети за Центрите за јавно здравје, 350.000,00 денари за Институтот за јавно здравје и 250.000,00 денари наменети за Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство. (Види табела бр. 5).

**При втората измена на Програмата избришани се уште две други активности, и тоа**:

- Набавка на софтвер за собирање, обработка на податоци со анализа и извештај за Центрите за јавно здравје. (оваа активност во буџетот е предвидена два пати еднаш за 6 ЦЈЗ и уште еднаш за 10 ЦЈЗ).

**Со оваа измена биле скратени вкупно 820.000,00 денари**, сите средства наменети за Центрите за јавно здравје. (Види табела бр. 5).

**- Во текот на 2012 година, како резултат на кратењето на активностите, буџетот на Програмата е намален за 1.820.000,00 денари. Најголем износ на средства се**

**скратени од средствата наменети за Центрите за јавно здравје (1.220.000,00 денари).** (Види табела бр. 5).

**Табела број 5. Преглед на активности и средства кои се скратени од Програмата за скрининг на карцином на грло на матка во текот на 2012 година**

| Ред. број | Опис на програмска активност | Донесена програма од Владата на РМ (I) | Прва измена на програмата од Владата на РМ (II) | Втора измена на програмата од Владата на РМ (III) |
|---|---|---|---|---|
| | | *(20 јануари 2012 год.)* | *(2 април 2012 год.)* | *(20 декември 2012 год.)* |
| 1. | Собирање на резултати од цитолошки лаборатории, анализа и достава до ИЈЗ - (*10те Центи за јавно здравје)* | 40.000,00 денари х 10 ЦЈЗ | Активноста е избришана | Активноста е избришана |
| | **Вкупен буџет за активност број 1.** | **400.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| 2. | Координација, внес на податоци во регистарот за рак на грло на матка, анализа на податоци и известување на скринингот *(ИЈЗ и ГАК)* | 250.000,00 денари х 2 извршители | Активноста е избришана | Активноста е избришана |
| | **Вкупен буџет за активност број 2.** | **500.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| 3. | Кампања за подигнување на свеста на населението за потребата од превентивни прегледи со ПАП тест и избор на матичен гинеколог *(ИЈЗ)* | 100.000 х 1 извршител | Активноста е избришана | Активноста е избришана |
| | **Вкупен буџет за активност број 3.** | **100.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| 4. | Набавка на софтвер за собирање, обработка на податоци со анализа и извештај (*Центри за јавно здравје: Куманово, Скопје, Кочани, Струмица, Охрид и Битола)* | Активноста не е планирана | 120.000,00 денари х 6 ЦЈЗ | Активноста е избришана |
| | **Вкупно за активност број 4:** | **0,00** | **720.000,00** | **0,00** |
| 5. | Набавка на софтвер за собирање, обработка на податоци со анализа и извештај (*сите 10 ЦЈЗ)* | Активноста не е планирана | 10.000,00 денари х 10 ЦЈЗ | Активноста е избришана |
| | **Вкупно за активност број 5:** | **0,00** | **100.000,00** | **0,00** |
| | **ВКУПНО (1+2+3+4+5)** | **1.000.000,00** | **820.000,00** | **0,00** |

### *2.4. Пренамена на средства од буџетот на Програмата за други активности предвидени во Програмата и надвор од неа*

**- Во текот на 2012 година Програма е дополнета со три нови активности. Буџетот за нивно извршување изнесува 430.000,00 денари, што претставува 1/4 од износот на средствата кои се скратени со измените и дополнувањата на Програмата.** (види табела бр.6)

Во текот на 2012 година во Програмата беа воведени следните активности:

- Набавка на софтвер, координација, собирање, обработка на податоци со анализа на извештај за скринингот за Институтот за јавно здравје;
- Координација на скринингот од страна Центрите за јавно здравје; и
- Исплата на неизмирени обврски за 2011 година за договорни услуги.

**- Не постои јавно достапен податок за податок за што се потрошени и пренаменети средствата кои се скратени од Програмата во текот на 2012 година (1.390.000,00 денари), а не се искористени за извршување на активности поврзани со скрининг на карцином на грло на матка.**

**Табела број 6. Преглед на активности и средства со кои е дополнета Програмата за скрининг на карцином на грло на марта во 2012 година**

| **Ред. број** | **Опис на програмска активност** | **Донесена програма од Владата на РМ (I)** | **Прва измена на програмата од Владата на РМ (II)** | **Втора измена на програмата од Владата на РМ (III)** |
|---|---|---|---|---|
| | | *(20 јануари 2012 година)* | *(2 април 2012 година)* | *(20 декември 2012 година)* |
| 1. | Набавка на софтвер, координација, собирање, обработка на податоци со анализа на извештај за скринингот *(Институт за јавно здравје – ИЈЗ)* | Активноста не е планирана | 160.000,00 денари | 300.000,00 денари |
| | **Вкупно за активност број 1:** | **0,00** | **160.000,00** | **300.000,00** |
| 2. | Координација наскринингот од страна (*10 Центри за јавно здравје)* | Активноста не е планирана | Активноста не е планирана | **30.000,00 денари x 10 ЦЈЗ** |
| | **Вкупно за активност број 2:** | **0,00** | **0,00** | **300.000,00** |
| 3. | Исплата на неизмирени обврски за 2011 година за договорни услуги | Активноста не е планирана | 3.525.000,00 денари | 100.000,00 денари |
| | **Вкупно за активност број 3:** | **0,00** | **3.525.000,00** | **100.000,00** |
| | **ВКУПНО (1+2+3):** | **0,00** | **4.505.000,00** | **430.000,00** |

## 2.5. *Преглед на измените и дополнувањата на буџетот на Програмата за рана детекција на малигни заболувања*

- **Министерството за здравство не подготвува периодични и годишни извештаи за реализирани активности и потрошени средства од Програмата за скрининг на карцином на грло на матка.** Документите кои се јавно објавени од Министерството за здравство не содржат податоците за програмската и финансиската имплементацијата на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка. Единствено јавно достапни се податоци за планираниот обем на активности и буџет на Програмата.

- Со ребалансот, на буџетот на РМ во 2012 година, се менува и буџетот на Програмата за рана детекција на малигни заболувања. **Министерството за здравство не подготвува и Владата на РМ не донесува нова Програма при измените и дополнувањата на Програмата направени како резултат на ребалансот на буџетот на РМ.** Единствено нова Програма се објавува кога министерството и Владата на РМ самостојно и интерно донесуваат одлука за измени на Програмата. Измените и дополнувањата на буџетот на Програмата за рана детекција на малигни заболувања кој го усвојува Собранието на РМ преку собраниска расправа за измени и дополнувања е помал во однос на буџетот на Програмата усвоен од Владата на РМ. Односно, Собранието на РМ одобрува Програма за рана детекција на малигни заболувања со буџет од 16.882.000,00 денари, а Владата усвојува Програма со буџетот од 28.601.820,00 денари. (види табела бр. 7).

- Според Завршната сметка на буџетот и прегледот на исплатени средства на здравствени установи од Програмите за превентивна и куративна здравствена заштита на Министерството за здравство, **во текот на 2012 година не се потрошени 57% од средствата алоцирани за оваа Програма со измените направени на 20 декември 2012 година.** (види табела бр. 7).

- **Износот на средства од Програмата наменет за исплата на долгови за извршени договорни услуги во 2011 година изнесува 16.290.753,00 денари, кој е за 3.959.672,00 повеќе од вкупно потрошените средства според завршната сметка на буџетот за 2012 година.** Оттука може да се заклучи дека во текот на 2012 година биле покривани само долгови а не бил спроведуван организиран скрининг на карцином на гро на матка. (види табела бр. 7).

**Табела број 7. Преглед на планираниот и реализираниот буџет на Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2012 години**

| Реден број | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на Програма за рана детекција на малигни заболувања за 2012 година **усвоен од Собранието на РМ – *26 декември 2011 година*** | 30.000.000,00 |
| 2. | Буџет на Програма за рана детекција на малигни заболувања за 2012 година **усвоен од Владата на РМ - *20 јануари 2012 година*** | 30.000.000,00 |
| 3. | Измени и дополнувања на буџет на Програма за рана детекција на малигни заболувања за 2012 година **извршени од страна на Владата на РМ *(Прва измена)- 02 април 2012 година*** | 28.881.820,00 |
| 4. | Измени и дополнувања на буџет на Програма за рана детекција на малигни заболувања за 2012 година **извршени од страна на Собранието на РМ – *07 јуни 2012 година*** | 16.882.000,00 |
| 5. | Измени и дополнувања на буџет на Програма за рана детекција на малигни заболувања за 2012 година **извршени од страна на Владата на РМ *(Втора измена) – 20 декември 2012 година*** | 28.601.820,00 |
| 6. | Износ на потрошени средства од Програмата за рана детекција на малигни заболувања во текот на 2012 година презентирани во **интерен Преглед на исплатени средства на здравствени установи од Програмите за превентивна и куративна здравствена заштита за 2012 година на Министерството за здравство** | 12.331.081,00 |
| 7. | Износ на потрошени средства од Програмата за рана детекција на малигни заболувања во текот на 2012 година **презентирани во Завршната сметка на буџетот на РМ презентирани пред и усвоени од Собранието на РМ истото.** | 12.331.081,00 |
| 8. | **Вкупен износ на долгови за извршени договорни услуги** по Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2011 година на Министерството за здравство | 16.290.753,00 |

## 3. Преглед на податоците презентирани во официјалните програмски и финансиски документи подготвени во текот на имплементацијата на Програмата во 2012 година

Секој од извршителите на активностите од Програмата за скрининг на карцином на грло на матка води евиденција за извршените активности и врз основа на истата подготвува фактури за надоместување на трошоците за нивна реализација. Овие документи секој од нив ги доставува до институциите кои се одговорни за координација на скринингот и Министерството за здравство, според релациите утврдени во Програмата.

Преку обработка на податоците содржани во овие документи, а кои ги добивме преку постапка за пристап до информации од јавен карактер, воочивме низа контрадикторности во презентацијата на податоците од различни извршители на Програмата. Односно, **податоците за една иста активност презентирани од еден извршител се разликуваат во неколку различни документи подготвени од истиот извршител.** Или пак, **податоците кои се однесуваат на реализацијата на една иста активност од Програмата се разликуваат во документите на извршителите и документите на координаторите на скринингот**. (види табла бр. 8).

Колку за илустрација, според податоците содржани во фактурите подготвени од страна на матичните гинеколози, во текот на 2012 година биле поканети вкупно 22.869 жени на возраст од 24 до 35 години. Истиот извор во ист период, но во друг документ за истата активност презентира друг податок (22.834 жени).

Доколку податоците за спроведување на истата активност од Програмата се разгледуваат по различни извршители, повторно може да се воочи отстапување помеѓу податоците. Односно, матичните гинеколози велат дека во текот на 2012 година поканиле 22.834 жени на возраст од 24 до 35 години за превентивен гинеколошки преглед со ПАП тест, додека пак Центите за јавно здравје велат дека матичните гинеколози имаат покането 38.314 жени во истиот период. Во исто време, Институтот за јавно здравје вели дека матичните гинеколози поканиле 37.843.

Ваквиот начин на презентирање на податоците става под сомнеж повеќе аспект од имплементацијата и извршувањето на Програмата, и тоа:

- кои податоци се релевантни за Министерството за здравство и Владата на РМ и како истите ја утврдуваат релевантноста на овие податоци;
- како Министерството за здравство врши исплата на средства од буџетот на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка кон извршителите;
- како Министерството за здравство и Владата на РМ ја оценува успешноста на скринингот и ги планира наредните активности; и
- како Министерството за здравство и Владата на РМ оценуваат дека токму мерките од Програмата за скрининг на карцином на грло на матка кои биле предвидени во 2012 година влијаеле или пак не влијаеле врз намалување на стапката на смртност кај жените.

**Табела број 8 . Преглед на податоци за имплементација на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка презентирани во извештаите и фактурите подготвени од матични гинеколози, Цитолошки лаборатории, Центрите за јавно здравје , Институтот за јавно здравје и Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство**

| **Опис на мерка** | **Матични гинеколози** | | **Цитолошки лаборатории** | | **Центри за јавно здравје** | **Институт за јавно здравје** | **Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *податоци презентирани во фактура* | *податоци презентирани во извештај* | *податоци презентирани во фактура* | *податоци презентирани во извештај* | *податоци презентирани во извештај* | *податоци презентирани во извештај* | *податоци презентирани во извештај* |
| Број на поканети жени на возраст од 24 - 35 години | 22.869 | 22.834 | 0 | 0 | 38.314 | 37.843 | 0 |
| Број на вратени покани | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.571 | 1.164 | 0 |
| Број на жени кои примиле покана | 0 | 0 | 0 | 0 | 29.568 | 36.679 | 0 |
| Број на жени кои добиле покана но не се јавиле на преглед | 7.404 | 7.947 | 0 | 0 | 25.084 | 19.073 | 0 |
| Број на жени кои биле прегледани, односно им бил направен ПАП тест | 15.465 | 14.887 | 0 | 0 | 19.377 | 17.595 | 0 |
| Број на направени цитолошки анализи на земени брисеви | 0 | 12.116 | 27.785 | 27.785 | 17.332 | 15.609 | 20.019 |
| Број на откриени епителни клеточни абнормалности | нема податок | нема податок | 3.112 | 3.112 | 1.157 | 1.251 | 1.932 |